**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за распределба на добивката на
Стопанска банка АД – Скопје за 2020 година

Скопје, јуни 2021 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 399 / 04.03.2020 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 29.06.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**

за распределба на добивката на
Стопанска банка АД – Скопје за 2020 година

1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ/Банката), во согласност со Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај на СБ за 2020 година, оствари добивка во износ од МКД 1.979.852.057,00.

2. Добивката за 2020 година наведена во член 1 од оваа Одлука се распределува на следниот начин:

   - Задржана добивка за инвестиции ограничена за распределба на акционерите во износ од МКД 1.045.500.000,00 , и
   - Задржана добивка за инвестиции во износ од МКД 934.352.057,00 .

3. Добивката која се распределува во задржана добивка за инвестиции ќе се употреби за развојни цели и инвестиции во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејноста на Банката.

4. Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

С.О. бр. 425
29.06.2021 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,
**Наташа Трпеноска Тренчевска**

**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛОГ**

за утврдување Предлог – Одлука за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2020 година

Скопје, мај 2021 година

Врз основа на член 40 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 399 / 04.03.2020 година, пречистен текст), Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 26.05.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**

за утврдување Предлог – Одлука за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2020 година

1. Стопанска банка АД – Скопје (СБ), во согласност со Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај на СБ за 2020 година, оствари добивка во износ од МКД 1.979.852.057,00.

   Добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2020 година се предлага да се распредели на следниов начин:

   - Задржана добивка за инвестиции ограничена за распределба на акционерите во износ од МКД 1.045.500.000,00 , и
   - Задржана добивка за инвестиции во износ од МКД 934.352.057,00 .

   Добивката која се распределува во задржана добивка за инвестиции ќе се употреби за развојни цели и инвестиции во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејноста на Банката.

2. Предлогот од точка 1 од оваа Одлука ќе биде доставен за одобрување од Собранието на акционери на СБ.

3. Предлог – Одлуката за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2020 година е составен дел од оваа Одлука.

4. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Н.О. бр. _________
26.05.2021 година
Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Претседавач,
Маринис Стратопулос

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Стопанска банка АД - Скопје (СБ), оствари добивка во износ од МКД 1.979.852.057,00 утврдена во Билансот на успех за 2020 година, што е составен дел на Годишната сметка и Годишниот извештај за 2020 година.

Во согласност со Законот за банки, Законот за трговски друштва и Статутот на СБ, Собранието на акционери со оваа одлука ја распределува добивката, по предлог на Надзорниот одбор. Имајќи го предвид горенаведеното, се предлага добивката реализирана во 2020 година, во согласност со одредбите наведени во член 483 став 2 од Законот за трговски друштва да се распределат за:

- Дел од добивката во износ од МКД 1.045.500.000,00 треба да се распредели во задржана добивка за инвестиции, во материјални и нематеријални средства и за проширување на деловните активности на Банката, со што истата ќе биде ограничена за распределба на акционерите во иднина, и ќе го зголеми капиталот на Банката. Со издвојување на дел од добивката во задржана ограничена добивка, Банката има право за намалување на данокот на добивка во согласност со Законот за данок на добивка. Со тоа, Банката има право на намалување на даночната основа за искористениот износ за инвестирање и на тој начин има право на помал данок на добивката при изготвување на Даночен биланс за годината 2021.

  Износот од МКД 1.045.500.000,00 нема да биде расположлив за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите), и како таков во согласност со важечката регулатива на Народната банка, има третман на основен капитал на Стопанска Банка АД-Скопје.

- Останатиот дел од добивката, во износ од МКД 934.352.057,00 , ќе се распредели во задржана добивка за инвестициони цели во материјални и нематеријални средства за проширување на деловните активности на Банката. Со распоредување на дел од добивката во задржана добивка, Банката има право за намалување на данокот на добивка во согласност со Законот за данок на добивка. Со тоа, Банката има право на намалување на даночната основа за искористениот износ за инвестирање и на тој начин има право на помал данок на добивката при изготвување на Даночен биланс за годината 2021.

  Овој износ на добивка нема да биде вклучен во сопствените средства на Банката и во пресметката на адекватноста на капиталот. Во случај, Банката, да не ја реализира инвестицијата, со посебна одлука ќе го распредели овој дел од добивката во задржаната добивка што може да се распредели во иднина.

Поради гореспоменатото, се предлага Собранието на акционери на СБ да ја донесе приложената Одлука.

Скопје, мај 2021 година